З А П И С Н И К

Од 2-рата седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево одржана на ден 14.11.2025 година со почеток од 09:00 во просториите на Општина Чешиново-Облешево-сала на Совет.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Чешиново-Облешево г-дин Горанчо Димишков.

Од вкупно 11 Советници на седницата присуствуваа сите 11 советници и тоа: Горанчо Димишков, Александар Саздов, Виктор Нестов, Даниел Гочев, Грозде Митров, Христина Горгиева, Дивна Зафирова, Бранко Стоименов, Влатко Заов, Борчо Гигов и Дарко Стојанов.

На Седницата присуствуваа градоначалникот на Општината-Јодранче Костадинов, од секторот финансии Ивана Минова Богданова, Марија Јованова-правник во Општина и Ивана Миленкова како техничка поддршка за снимање и пренос на седницата.

Записникот го води Емилија Анастасова-Советник ревизор во обука.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков кажа да се разгледа Записникот од првата (конститутивна) седница и ако нема збор да се гласа.

Бидејќи никој немаше збор, се премина на гласање и со со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Записникот од првата (конститутивна)седница.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков за работа на 2-рата Седница на Совет на Општина Чешиново-Облешево го предложи следниот:

ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука за именување на членови на Комисијата за финансирање, буџет, даноци и локален економски развој.
2. Одлука за именување на членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
3. Одлука за именување на членови на Комисијата за општествени дејности
4. Одлука за именување на членови на Комисијата за статут и прописи
5. Одлука за именување на членови на Советот кои ќе учествуваат при склучување на бракови
6. Предлог програма за зимско одржување на локаните правци и улици на територија на Општина Чешиново-Облешево 2025/2026

7. Одлука за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2025 година (Втор Ребаланс на Буџетото на Општина Чешиново-Облешево за 2025 година)
8. Предлози, прашања, барања.

Претседателот Горанчо Димишков предложи дополнивање на дневниот ред со Барање за именување на членови во Управен Одбор доставено од ЈОУДГ "SВЕЗДИЧКИ".

Сите советници едногласно го усвоија дневниот ред.

1. ***Одлука за именување на членови на Комисијата за финансирање, буџет, даноци и локален економски развој***

   Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Борчо Гигов. Борчо Гигов ги предложи следните членови за оваа комисија:

   1. Виктор Нестов
   2. Дивна Зафирова
   3. Дарко Стојанов
   4. Грозде Митров
   5. Горанчо Димишков

   Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Одлуката за именување на членови на Комисијата за финансирање, буџет, даноци и локален економски развој.***

2. ***Одлука за именување на членови на Комисијатаза урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.***

   Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Борчо Гигов. Борчо Гигов ги предложи следните членови за оваа комисија:

   1. Влатко Заов
   2. Бранко Стоименов
   3. Борчо Гогив
   4. Александар Саздов
   5. Даниел Гоцев
   6.

   Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Одлуката за именување на членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.***

3. ***Одлука за именување на членови на Комисија за општествени дејности.***

   Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Борчо Гигов. Борчо Гигов ги предложи следните членови за оваа комисија:

   1. Влатко Заов

2. Христина Горгиева
3. Бранко Стоименов
4. Грозде Митров
5. Горанчо Димишков

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***одлуката за именување на членови на Комисијата за општествени дејности.***

4. ***Одлука за именување на членови на Комисија за статут и прописи***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Борчо Гигов. Борчо Гигов ги предложи следните членови за оваа комисија:

1. Даниел Гоцев
2. Дивна Зафирова
3. Виктор Нестов
4. Борчо Гигов
5. Грозде Митров

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Одлуката за именување на членови на Комисијата за статут и прописи.***

5. ***Одлука за именување на членови на Советот кои ќе учествуваат при склучување на бракови***

Претседателот на Совет, Горанчо Димишков даде збор на Борчо Гигов. Борчо Гигов ги предложи следните членови за секој месец за оваа комисија:

-Горанчо Димишков
-Александар Саздов
-Виктор Нестов
-Даниел Гоцев
-Грозде Митров
-Христина Горгиева
-Дивна Зафирова
-Бранко Стоименов
-Влатко Заов
-Борчо Гигов
-Дарко Стојанов

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се преминува на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ; НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Одлука за именување на членови на Советот кои ќе учествуваат при склучување на бракови.***

6. ***Предлог програма за зимско одржување на локалните патни правци и улици на територија на општина Чешиново-Облешево 2025/2026***

   Претседателот на Советот, Горанчо Димишков им кажа на советниците да го разгледат предлогот за зимска опрема и ако имаат потреба од објаснување да се изјаснат. Марија Коцева-правник во Општината објасни дека како и секоја година така и оваа Јавното Комунално Претпријатие го извршува зимското одржување на патиштата на општината.

   Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се преминува на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Предлог програма за зимско одржување на локалните патни правци и улици на територија на општина Чешиново-Облешево 2025/2026.***

7. ***Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година (Втор Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година)***

   Претседателот на Совет, Горанчо Димишков даде збор на представникот на финансии Ивана Минова-Богданова. Ивана образложи дека во Вториот ребаланс има измени на неопходни ставки и подставки.

   Советниците го разгледаа материјалот од ребалансот.

   Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2025 година (Втор Ребаланс на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2025 година)***

8. ***Барање за именување на членови во Управен Одбор на ЈОУДГ "SВЕЗДИЧКИ"-Чешиново***

   Претседателот на Совет, Горанчо Димишков им се обрати на Советниците на советот да дадат предлог за 2 члена. Даде збор на Дивна Зафирова како вработена во градинката. Ги предложија Елена Горгиева од с. Соколарци и Наташа Моневска од с. Облешево.

   Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***Барањето за именување на членови во Управен Одбор.***

9. ***Прашања, предлози и барања.***

Претседателот на Совет, Горанчо Димишков ги праша Советниците на советот дали имаат прашања, предлози и барања.

Советникот Влатко Заов кажа дека сака надлежните да излезат и да видат дека патот од едниот влез е во добра состојба а патот на ул.Прохор Пчински од првиот влез е во многу лоша состојба. Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево, Јорданче Костадинов кажа дека во с. Чифлик имаме проект за ул.Прохор Пчински и дека има увид на целиот проект и ќе излезе во пресред на граѓаните. Иако роковите се кратки, со анекс договори се ќе се среди.

Исто така Советникот Влатко Заов кажа и дека канализацијата е направена но нема прочистителна станица.

Градоначалник Јорданчо Костадинов кажа дека прочестителната станица е деценски проблем и дека во најбрз можен рок ќе се реши и ќе се најде соодветно решение, дека ќе се направи функционална прочистителна станица.

Претседателот на Совет, Горанчо Димишков им се обрати на Советниците на советот дали имаат други прашања и затоа што немаат се затвори 2-рата редовна седница.

Точките на дневен ред е исцрпени и седницата е завршена во 11:00 часот.

На крајот од седницата Претседателот на Совет на општина Чешиново-Облешево, Горанчо Димишков се заблагодари на Советниците за присуството.

Записничар *Претседател на Совет*

Емилија Анастасова *Горанчо Димишков*

_____ М.П. _____